# МИСЛЕЊЕ КОН
# РЕВИДИРАНИТЕ ПЕРИОДИЧНИ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

Скопје, Ноември 2018 година

**МИСЛЕЊЕ КОН**
**РЕВИДИРАНИТЕ ПЕРИОДИЧНИ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ**

1. Врз основа на Законот за банки, Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје (СБ), на седницата одржана на 30.05.2018 година, го избра ревизорското друштво ***Прајсвотерхаус Куперс Ревизија ДОО – Скопје***, за овластено ревизорско друштво коешто ќе изврши ревизија на финансиските извештаи, сметководствената евиденција и информатичките системи поврзани со работењето на Банката во деловната и фискална **2018** година во согласност со локалните законски прописи и ќе изврши ревизија на интерните финансиски извештаи/пакети ИФРС У.С. ГААП за деловната **2018** година, а во согласност со интерните политики и процедури на групацијата Национална Банка на Грција С.А. Атина.

2. Во согласност со домашната регулатива, избраното ревизорско друштво ги ревидира финансиските извештаи на СБ коишто го вклучуваат билансот на состојба и билансот на успех, извештајот за промените во капиталот и извештајот за паричниот тек за периодот од 01.01.2018 година до 30.06.2018 година, и резиме на значајните сметководствени политки и други белешки.

3. Надзорниот одбор целосно ја признава одговорноста на Менаџментот за подготовката и објективното претставување на периодичните финансиски извештаи во согласност со домашните стандарди.

4. Надзорниот одбор целосно ја признава одговорноста на ревизорското друштво за изразување на мислење врз основа на презентираните периодични финансиски извештаи во согласност со локалните стандарди коишто налагаат усогласеност со етичките барања и планирање и вршење ревизија за да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи не содржат материјални пропусти.

5. По извршувањето на ревизијата на презентираните периодични финансиски извештаи, беше дадено следново ревизорско мислење:

   ***Мислење**:*

   *Според наше мислење, периодичните финансиските извештаи на Стопанска банка АД - Скопје за периодот од 01.01.2018 година до 30.06.2018 година, во сите материјални аспекти, се подготвени во согласност со сметководствената регулатива на Народна банка на Република Македонија .*

6. Членовите на Надзорниот одбор на СБ ги разгледаа ревидираните периодични финансиски извештаи и соодветното ревизорско мислење. Беше заклучено дека финансиската позиција и резултатите од работењето на Банката се презентирани објективно и точно во релевантните периодични финансиски извештаи. Надворешните ревизори на Банката немаат откриено ниту едно прашање што материјално би влијаело на периодичните финансиските извештаи.

7. Надзорниот одбор би сакал да ја изрази својата благодарност кон ревизорското друштво за нивната конструктивна соработка и придонес.

Н.О. бр.________

_______.2018, Скопје

**НАДЗОРЕН ОДБОР**

Претседател,

Маринис Стратопулос